Република Северна Македонија
Општина Охрид
Градоначалник Д- р Константин Георгиески
Адреса ул. Димитар Влахов бр. 57 Охрид, ЕМБС 6020879
Тел. (046) 262-469 Фах. (046) 262-545 www.ohrid.gov.mk

Република Северна Македонија
Општина Охрид
Единица на локална самоуправа
Бр. 08 - 6320/2
12-08 2020 год.
ОХРИД

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа и член 34 од Статутот на општина Охрид а согласена донесената Информација на Владата на РСМ за намалување на непродуктивни расходи, Градоначалникот на Општина Охрид го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПОВИК

1. Се поништува Јавниот повик за откуп на фотографии со мотиви од Охрид(културни, историски и природни убавини) објавен од страна на општина Охрид на ден 27.01.2020 година.
2. Се задолжува Секторот за туризам и локален економски развој да го спроведе оваа решение со подготовка на известување за поништување на јавниот повик и негово објавување на општинската веб страна.
4. Решението да се достави до Архива, Секторот ТЛЕР како и до членовите за комисија формирана со решение бр. 09-2178/1.
5. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

На ден 27.01.2020 година, Секторот ТЛЕР објави јавен повик за повик за откуп на фотографии со мотиви од Охрид(културни, историски и природни убавини). Со решение бр.09-2178/1 беше формирана комисија со задолжение за избор на фотографии согласно условите и критериумите на јавниот повик, обезбедување на фотографии во оригинал како и подготовка и достава на извештај за спроведената постапка до Градоначалникот на општината и раководителот на секторот за туризам и локален економски развој.

Комисијата за избор на фотографии со мотиви од Охрид на ден 23.07.2020 година достави Извештај од спроведената административна евалуација бр. 26-6320/1 во кој се предлага на Градоначалникот да се поништи Јавниот повик за откуп на фотографии со мотиви од Охрид (културни, историски и природни убавини) 2020 година.

Во Извештајот се наведени одредени пропусти во спроведувањето на постапката за објава на јавниот повик. Согласно наведеното во Извештајот, а особено фактот што јавниот повик е објавен без заверка и потпис од страна на Градоначалникот како овластено лице за потпис е

основ за поништување на наведениот Јавен повик.

Покрај наведеното, Градоначалникот ја имаше во предвид и Информацијата на Владата на Р.С. Македонија со изнесени заклучоци во која во точка 8 се препорачува на единиците за локална самоуправа да ги почитуваат донесените мерки за намалување на расходи и да се воздржат од предизвикување на трошоци кои не придонесуваат во справување со Корона вирусот, а со цел намалување на непродуктивните трошоци поради справување со здравствено-економската криза предизвикана од пандемијата од вирусот КОВИД 19.

Врз основа на горенаведеното, Градоначалникот одлучи како во диспозитивот на Решението.

**ОПШТИНА ОХРИД**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Д-р Константин Георгиески**

Република Северна Македонија
Градоначалник на општина
ОХРИД